Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Министерката за образование и наука, донесе

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 04-9552/3
05-08-2026 20 год. viti

## ОДЛУКА

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2026 за унапредување на административен службеник во Министерстото за образование и наука**

1. Кандидатот **Богољуб Ниниќ**, по пат на интерен оглас број 02/2026 се избира за работно место УПР0101В01000 Советник за поддршка на науката и иновациите во Одделение за развој на научно истражувачките кадри, поддршка на науката и иновациите во Сектор за наука и иновации - 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2026 со архивски број 04-9641/1 од 21.07.2026 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-5634/2 од 17.07.2026 година, државниот секретар упати барање со архивски број 04-9641/2 од 21.07.2026 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука. Секторот за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2026 со архивски бр.04-9641/1 од 21.07.2026 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за образование и наука, објавен на ден 24.07.2026 година на веб страницата на Министерството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на државниот секретар во министерството за образование и наука со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на администратвен службеник со архивски број 04-9641/6 од 30.07.2026 година, направи административна селекција на пријавените кандидати и констатира дека е пријавен само еден кандидат и истиот е уреден и продолжува во наредната фаза.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 02/2026 за унапредување на административен службеник со архивски бр.04-9641/8 од

31.07.2026 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник бр.04-9641/9 од 31.07.2026 година и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2026 со архивски со архивски бр.04-9641/10 од 31.07.2026 година.

Врз основа на ранг листа министерката за образование и наука донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Сектор за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Анчева Александра
Согласен: Славица Мирчевска Атовска